„Пазете се од сомнежот, навистина тој е најлажниот говор

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Пазете се од сомнежот, навистина тој е најлажниот говор. Немојте да се демнеете и да се шпионирате, немојте да си завидувате ниту да си вртите грб едни на други и не мразете се, туку бидете Аллахови робови и браќа!“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, забранил и предупредил од некои работи кои создаваат нетрпеливост и непријателство помеѓу муслиманите, а такви се: (Сомнежот) а тоа значи обвинување кое се создава во срцето без никакви докази, и ни појаснил дека такво нешто е најлажен говор. И од (демнеење) а тоа е: да истражуваме за срамотиите на другите луѓе, било да го правиме тоа со опсервација или слушање. Потоа (шпионирање), да ги истражуваме скриените работи, а најчесто се употребува за лошите работи. И од: (завист) а тоа е кога мразиме некој да се здобие со разни благодати. И од: (да свртиме грб) така што не комуницираме со другите, не се поздравуваме ниту одиме на посета кај другиот брат муслиман. И од (меѓусебна омраза) одбивност и отуѓување, како што е да ги навредуваме другите, да се муртиме и да бидеме непријатни во комуникацијата. Потоа, Аллаховиот пратеник упати една сеопфатна порака, со која е можна поправка на состојбата меѓу муслиманите: „И бидете Аллахови робови и браќа.“ Братството е врска со која ќе се регенерираат меѓусебните односи и ќе се зголеми меѓусебната љубов и почит.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5332